Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
## од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Илхан Рахман, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

На седницата не учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Бојан Маричиќ, министер за правда.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 51-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2021 година

- Усвојување на Записникот од 53-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2021 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Агенда: Европа дома

- Статус на реализација на капиталните инвестиции

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. -30.06.2021 година

- Информација за степенот на реализација на препораките и презeмените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

- Информација за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион

1. Информација во врска со Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје бр.45-5849/1 од 30.7.2019 година

2. Предлог - одлука за престанок на важење на Одлуката за иземање од стопанисување на недвижна ствар од Акцонерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Предлог- одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот граѓански суд Скопје

3. Одлука за покренување на постапка за измена и дополнување на Статутот на Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со Предлог - одлука

4. Информација за донесување на Одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за продажба на движна ствар - меркантилна пченица

6. Информација за повреда на договорните обврски од страна на правното лице ДПТУ Аспектус Фарма ДОО експорт-импорт с.Бунарџик Илинден, корисник на ТИРЗ „Скопје

1“ и потребата од започнување на постапка за наплата на средства поради активирање на договорни пенали за 2019 година

7. Годишна пресметка за 2020 година и Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

8. Информација за Локалните младински совети во Единиците на локална самоуправа

9. Информација за воспоставување на службеник за млади во органите на државна управа и Единиците на локална самоуправа

10. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден, како закупец на земјиште

11. Предлог-одлука за продажба на движна ствар во сопственост на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (патничко моторно возило)

12. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Доброволното противпожарно еколошко и хуманитарно здружение ЕКО ФАП Охрид (автобус)

13. Барање за добивање согласност за престанок и давање на трајно користење на движни ствари (возило), со Предлог - одлука

14. Информација во врска со потребата од донесување на Одлука за давање на претходна согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

15. Барање за поддршка за организација на завршен турнир од ФИБА ЛШ

16. Предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2021 година

17. Информација за прашања поврзани со сукцесија на имотот и обврските на поранешна СФРЈ

18. Информација по Барање за репрограмирање на долг бр.11-2813/1 од 5.3.2021 година, поднесено од Општина Ѓорче Петров
19. Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, согласно заклучокот број 3 од Нацрт- записникот од четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година

20. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 28.2.2021 година

21. Информација во врска со барањето на Стопанска банка АД Скопје за склучување на директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на Концесионерот Минка Енерготек од договорите за концесија за МХЕЦ Брегалница 329 и МХЕЦ Клепалска 321 и 322

22. Информација во врска со барањето на Стопанска Банка АД Скопје за склучување на Директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на Концесионерот од Договорот за концесија за МХЕЦ Вејачка

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Бошавица и кабел за приклучок КО Бесвица, Општина Демир Капија, со Предлог - одлука

24. Информација во врска со донесена Пресуда на Европскиот суд за човекови права во случајот Анев и Најдовски против Република Северна Македонија (Апликации бр.17807/15 и 17893/15) од 3.9.2020 година

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Оризари-вонград, Општина Велес, со Предлог - одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти со основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура - ветерен парк Дрен-дел 2 КО Демир Капија, КО Дрен, Општина Демир Капија, со Предлог - одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта (магацин со придружни содржини) КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог - одлука

28. Информација за одобрување на Тендераска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија и услуги Хавана Кафе Бар ДООЕЛ, со Предлог - одлука

30. Предлог-решение за формирање комисија за спроведување постапка за доделување концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона “Акумулација Тиквешко Езеро“

31. Предлог-одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина -доломит на локалитетот “Чајле“, Општина Гостивар на Друштвото за трговија, транспорт и услуги Ел Транс експорт-импорт ДООЕЛ Гостивар

32. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги Винербергер ДООЕЛ Виница

33. Предлог-одлука за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2021 година

34. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп (2902/1)

35. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп (40-2901/)

36. Информација за Предлог -договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, Република Северна Македонија

37. Информација во врска со Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, со Предлог - одлука

38. Предлог - одлука за формирање на Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија

39. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „GOLDEN FLEECE 21“ во Република Грција

40. Информација во врска со реализацијата на Проектот -Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека

41. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за деца -детска градинка ,,Малиот Принц” -Скопје, со Предлог - одлука

42. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за период јули-декември 2020)

43. Предлог-одлука за давање одобрение за проширување на дејноста на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола

44. Предлог-одлука за давање одобрение за проширување на дејноста на Јавната установа Детски дом „11 Октомври“ Скопје

45. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница „Д-р Ферид Мурад‘‘ Гостивар

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјална болница по гинекологија и акушерство ,,Мајка Тереза” - Скопје (два инкубатори за новороденче)

47. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

48. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

49. Барање за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 124/10,164/13,149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесено од Владата на Република Северна Македонија

50. Статут на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

51. Иницијатива од адвокат Ангела Соколова од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.24/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 14 од Уредбата за начинот и постапката на утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/00)

52. Иницијатива од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.25/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20)

53. Иницијатива од адвокат м-р Бобан Богдановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 130 став 3 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010)

54. Иницијатива од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.2/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 12 став 6 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи донесен од Министерството за правда („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/2020)

55. Иницијатива од Адвокатско друштво Бранко Кузманоски и партнери од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.18/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016)

56. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55294 за КО Центар 2, на КП бр.2692, место/улица С.Арсов

57. Понуда од нотар Никола Камчев од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8355 за КО Радовиш на КП бр.3075 во место викано /Улица 4-ти Јули

58. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2626 за КО Бутел на КП бр. 2370 МВ/Улица Бутелска

59. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје за Заклучок за прва усна јавна продажба доставен под и.бр.351/17 која ќе се одржи на 24 март 2021 година за КО Карпош

60. Пратеничко прашање од пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија Марија Петрушевска, поставено меѓу две седници на Собранието, на 9 март 2021 година

61. Кадровски прашања

62. Прашања и предлози

63. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви октомври до 31-ви декември 2020 година

64. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот октомври-декември 2020 година

65. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија во периодот октомври - декември 2020 година
66. Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во 2020 година

67. Годишен извештај за работата на Националниот координативен центар за гранично управување, за 2020 година

68. Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2020 година и на надлежните органи за надзор на пазарот

69. Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија, за јануари 2021 година

70. Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија, за февруари 2021 година

71. Информација за презелените мерки во врска со учеството во НАТО операцијата со хируршки тим на Република Северна Македонија во состав на норвешката ROLE 2 полска болница во Кабул, ИР Авганистан

72. Финансиски план за изменување и дополнување на Финансискиот план за 2021 година на Акционерско друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

73. Информација за исплата на пензии, за март 2021 година

74. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година

75. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година

76. Извештај за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за поддршка за реализација на интерконекцијата за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија

77. Барање за превоз на персонални комјутери

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2021 година и Записникот од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2021 година.

*

* *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**
- **Агенда: Европа дома**

Владата се информираше со Агендата - Европа дома и согласно расправата на седницата заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда да ја разгледаат можноста поставеноста на Националниот комитет за интегрирано гранично управување да биде во рамките на Министерство за внатрешни работи.

2. Во врска со активноста - Подобрена примена на законодавството за јавни набавки, чекор - Спроведување обуки за договорни органи, со рок за реализација -мај 2021 година, да се направи промена во рокот односно истиот наместо мај 2021 година да биде до декември 2021 година.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Царинската управа, Државниот завод за статистика, Државниот завод за индустриска сопственост итно да започнат со подготовка на информации во врска со статусот на имплементација и за остварените резултати за секое од поглавјата, како придонес кон Годишниот извештај на Европската комисија за 2021 година и истото да го достават до Секретаријатот за европски прашања имајќи предвид дека иницијалниот рок е 30 март 2021 година.

**Статус на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

**Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. -30.06.2021 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за животна средина и просторно планирање, да се измени и тоа:

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за води да се достави во септември 2021 година.

Согласно овој заклучок соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (втора измена), да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

**Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион**

- **Информација за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, почнувајќи од 5.4.2021 година, заштитно конзерваторските услови, конзерваторските мислења и стручните контроли за културното наследство во Охридскиот Регион да ги издава, односно изработува по претходно мислење односно со учество на Националната установа - Национален конзерваторски центар-Скопје.

2. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство, почнувајќи од 5.4.2021 година, заштитно конзерваторските - основи, заштитно -конзерваторските услови и конзерваторските одобренија за културното наследство во Охридскиот Регион да ги издава по претходно мислење на Министерството за култура.
3. Се задолжува Министерството за култура, во рок од седум дена да формира стручна комисија составена од докажани експерти за заштита на културното наследство која ќе дава стручна помош во изработка на актите за културното наследство во Охридскиот Регион, кои ги издава Управата за заштита на културното наследство.

4. Се препорачува на општините Охрид, Струга и Дебрца до донесувањето на новите урбанистички планови кои ќе бидат усогласени со Планот за управување, изградбата на објекти или преземање на мерки на непосредна заштита со кои непосредно или

посредно се нарушува интегритетот на културното наследство на Охридскиот Регион задолжително да се врши со издавање на заштитно-конзервторски услови.

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од два дена да формира стручна комисија која ќе изврши увид во работата за Општина Охрид во процесот на издавање/спроведување на одобрението за градење на локацијата на поранешниот ресторан Парк, Горица и за своите наоди да ја извести Владата на наредната седница.

6. Се препорачува на Општина Охрид да превенира градежни работи на локацијата на поранешниот ресторан Парк, Горица до утврдување на фактичката состојба од страна на стручната комисија на Министерството за транспорт и врски

7. Се препорачува на Општина Охрид, во рок од два дена до Владата да достави информација за важноста на одобрението за градба на локацијата каде се наоѓал објектот ресторан дискотека Парк, имајќи предвид дека согласно член 66 од Законот за градење, одобрението за градење престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот кога одобрението за градење станало правосилно.

8. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за животна средина, а им се укажува на Управата за животна средина, Управата за заштита на културното наследство, на општините Охрид, Струга и Дебрца, во взаемна и постојана комуникација и давање на стручна помош да ги решаваат проблемите со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион се со цел на зачувување на неговата исклучителна универзална вредност.

9. Се препорачува на Општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебрца во постапките за издавање одобрение за градба задолжително покрај изводот од Детален урбанистички план да издаваат и изводи од Планот за управување со Охридскиот Регион и задолжително да се постапува по Планот за управување со Охридскиот Регион.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје бр.45-5849/1 од 30.7.2019 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Формира работна група со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Градот Скопје и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, со цел утврдување и предавање на Градот Скопје, како нов корисник на топловодната мрежа, на сите права, обврски и книговодствената документација во однос на недвижните ствари од Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари бр.45-5849/1 од 30.7.2019 година.

2. Се препорачува Градот Скопје да ја преземе недвижната ствар наведена во Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје бр.45-5849/1 од 30.7.2019 година, заедно со сите права и обврски и книговодствената документација во врска со недвижната ствар.

3. Се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје, да ја предаде недвижната ствар наведена во Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари бр.45-5849/1 од 30.7.2019 година заедно со сите права и обврски, како и да ја предаде книговодствената документација во врска со недвижната ствар.

4. Се задолжува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје да достави информација за спроведени активности од Заклучокот бр.3 од оваа точка.

**Точка 2**

Владата ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основниот граѓански суд Скопје, во предложениот текст.

Исто така да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Статутот на Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за намера за намалување на основната главнина на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар - меркантилна пченица, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за повреда на договорните обврски од страна на правното лице ДПТУ Аспектус фарма ДОО експорт - импорт с.Бунарџик, Илинден, корисник на ТИРЗ „Скопје 1“ и потребата од започнување на постапка за наплата на

средства поради активирање на договорни пенали за 2019 година, ја усвои Информацијата и и' препорача на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија да отпочне постапка пред надлежен суд заради наплата на средства поради активирање на договорни пенали од правниот субјект ДПТУ Аспектус фарма ДОО експорт - импорт с.Бунарџик, Илинден.

**Точка 7**

Владата по Годишната пресметка за 2020 година и Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог - одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за потврдување на Годишната пресметка за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за Локалните младински совети во Единиците на локалната самоуправа и ја усвои со следниот заклучок:

- Се препорачува на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои немаат формирано Локални младински совети или на кои мандатот им е истечен, во соработка со Агенцијата за млади и спорт и ЗЕЛС да го усогласат статутот на општината/градот согласно глава V, членовите 16, 17 и 18 од Законот за младинско учество и младински политики и во рок од два месеци да формираат активни и функционални локални младински совети.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на службеник за млади во органите на државна управа и Единиците на локалната самоуправа и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се препорачува на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, да одредат службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата и во рок од три месеци да достават информација до Агенцијата за млади и спорт.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Доброволното противпожарно еколошко и хуманитарно здружение ЕКО ФАП Охрид, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Барањето за добивање согласност за престанок и давање на трајно користење на движни ствари (возило), со дополнувањето и Предлог - одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потребата од донесување на Одлука за давање на претходна согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

Информацијата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 15**

Владата го разгледа и не го прифати Барањето за поддршка за организација на завршен турнир од ФИБА ЛШ, со дополнување имајќи ја предвид моменталната епидемиолошка состојба со вирусот SARS-CoV-2 како и поради тоа што спортската сала Борис Трајковски е определена за дополнителен објект каде што ќе се врши масовна вакцинација на граѓаните и истата не може да се промени како локација во услови на оваа здравствена економска криза, а при извесност дека повратот на средства нема да е поголем од 25% од средствата што Владата би ги потрошила.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прашања поврзани со сукцесија на имотот и обврските на поранешна СФРЈ, со Предлог -решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за назначување на овластен претставник на Република Северна Македонија во Комитетот за распределба на финансиска актива и пасива на поранешна СФРЈ од Анекс В од Спогодбата за прашањата за сукцесија, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата разгледа Информацијата по Барање за репрограмирање на долг бр.11-2813/1 од 5.3.2021 година, поднесено од Општина Ѓорче Петров и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Општина Ѓорче Петров, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 9.100.905,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на пет еднакви месечни рати почнувајќи од 31.3.2021 година.

2. Доколку должникот не се придржува на динамиката во отплата на ратите согласно Амортизациониот план, Министерството за финансии ќе пресмета и наплати казнена камата за сите доцнења во уплатите на ратите согласно одредбите од Законот за облигационите односи.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија, согласно Заклучокот број 3, од Нацрт - записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година, со табеларен приказ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да постапи по заклучоците бр.12, 13, 14, 15 и 16 од Точка 20 од Нацрт - записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година и согласно Заклучокот бр.2 од истиот Нацрт - записник да достави до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување на договори, акциски план со кој ќе предложат активности за забрзување на динамиката на реализацијата на секој проект во рамки на усвоениот План за јавни набавки.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да постапи по Заклучокот бр.17 од Точка 20 од Нацрт - записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година и да ја информира Владата, најдоцна до 29 март 2021 година.

3. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика во целост да ги почитуваат роковите утврдени во усвоените планови за јавни набавки и да обезбедат квалитетна изработка на тендерската документација пред нејзино доставување во Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 2 април 2021 година, до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Изградба на прочистителна станица за отпадни води во Општина Тетово и Продолжување на канализационата мрежа во Општина Тетово“.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до Владата да достави информација за проектот „Изградба на централен објект за управување со отпад - Фабрика за сортирање, погон МБТ, депонија, постројка за

компостирање, зелена точка за источниот и североисточниот регион во Свети Николе“ и „Изградба на шест локални објекти за управување со отпад - станици за трансфер, постројки за компостирање и зелени точки за источен и североисточен регион“, вклучувајќи детален план со рокови за надминување на нотираните проблеми (финансирање на ревизиите на основниот проект, експропријацијата и потребна придружна документација), најдоцна до 29 март 2021 година.

6. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика да номинираат членови во комисиите за евалуација и номинацијата да ја достават до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување на договори, најдоцна 45 дена пред крајниот рок за доставување на понуди и да обезбедат потребно присуство на членовите во текот на евалуациите.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 28 февруари 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се укажува на Градот Скопје, Акционерското друштво Развојна банка на Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје, Акционерското друштво Железници на Република Северна Македонија Транспорт - Скопје, Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, задолжително да постапат по заклучокот бр.1 од 43-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година, точка 21, и да пристапат кон подготовка на акциски план по дадениот образец со кој ќе предложат активности за забрзување на динамиката на реализацијата на секој проект во рамки на договорениот рок со финансиските институции и најдоцна до крајот на секој месец да го достават пополнетиот акцискиот план до Министерството за финансии.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Градот Скопје, Акционерското друштво Развојна банка на Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавно сообраќајно претпријатие - Скопје, Акционерското друштво Железници на Република Северна Македонија Транспорт - Скопје, Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“,

во државна сопственост, Скопје, Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, задолжително да постапат по заклучокот бр.4 од 43-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година, точка 21, и во рок од 10 дена од усвојување на оваа информација да достават до Министерството за финансии податоци за бројот на лица ангажирани во единиците за имплементација на проектите, трошоците по основ на износот на месечниот надоместок по работната позиција на секое лице, месечните оперативни трошоци на единиците за имплементација на проектите, како и изворот на средства од кој се подмируваат сите трошоци (заем, грант, сопствени средства или буџет на надлежната институција), за периодот од започнување на имплементацијата на проектите до и заклучно со 31 декември 2020 година.

3. Се укажува на Акционерското друштво Развојна банка на Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, Јавно сообраќајно претпријатие - Скопје, Акционерското друштво Железници на Република Северна Македонија Транспорт - Скопје, Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО), Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката и Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, во рок од 5 дена од усвојување на оваа информација да достават до Министерството за финансии податоци за износот на исплатени средства по основ на провизија на неповлечени средства од заемите за проектите (Commitment Fee) по години за периодот 2017 - 2020 година.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на Стопанска банка АД Скопје за склучување на директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на концесионерот Минка Енерготек ДОО Скопје од договорите за концесија за МХЕЦ Брегалница 329, МХЕЦ Клепалска 321 и МХЕЦ Клепалска 322 и ја усвои со следниов заклучок:

- Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи директен договор со Стопанска банка АД Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот Минка Енерготек ДОО Скопје.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на Стопанска банка АД Скопје за склучување на директен договор со Владата на Република Северна Македонија со цел давање на согласност за залог врз уделите на концесионерот од Договорот за концесија за МХЕЦ Вејачка и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Директен договор со Стопанска банка АД Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на

обврските од страна на концесионерот согласно Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Вејачка, бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Бошавица и кабел за приклучок КО Бесвица, Општина Демир Капија, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Бошавица и кабел за приклучок КО Бесвица, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесена Пресуда на Европскиот суд за човекови права во случајот Анев и Најдовски против Република Северна Македонија (апликации бр.17807/15 и 17893/15) од 3.9.2020 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да изготви анализа за состојбите настанати од примената на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Анев и Најдовски против Република Северна Македонија, врз основа на податоците презентирани во оваа информација и во рок од 30 дена да ја достави до Владата.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Оризари-вонград, Општина Велес, со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Оризари-вон град, Општина Велес, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти со основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура - ветерен парк Дрен-дел 2 КО Демир Капија, КО Дрен, Општина Демир Капија, со Предлог -одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот дополнително да се усогласи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта (магацин со придружни содржини) КО Бардовци, Општина Карпош, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта (магацин со придружни содржини) КО Бардовци, Општина Карпош, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со Тендерска документација и Јавен повик за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово (нов текст), ја усвои Информацијата, ја одобри Тендерската документација и го одобри објавувањето на Јавниот повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за трговија и услуги Хавана Кафе Бар ДООЕЛ, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Решението за формирање на комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина -доломит на локалитетот „Чајле“, Општина Гостивар на Друштвото за трговија, транспорт и услуги Ел транс експорт - импорт ДООЕЛ Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги Винербергер ДООЕЛ Виница, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи во рок од 3 (три) дена од усвојувањето на Информацијата да достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата известување за планирано доделување на државна помош согласно предложениот договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од 7 (седум) дена по добивањето на соодветен акт за оценка на државната помош, односно Решение за оцена на помош од Комисијата за заштита на конкуренцијата да ја информира Владата и да го достави Договорот за државна помош.

**Точка 37**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2020 година, со Предлог -одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „GOLDEN FLEECE 21“ во Република Грција, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со реализацијата на проектот -Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмата 49 - Театар и библиотека во Тетово, во Разделот 18010 -Финансирање на дејностите од областа на културата на Министерството за култура, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021 година, 2022 година, 2023 година, 2024 година, 2025 година и 2026 година, на Министерството за култура и НУ Центар за култура „Ињо Антески Смок“ -Тетово за изградба на Театар и библиотека во Тетово, во вкупна вредност од 1.450.000.000,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 89.500.000 денари во 2021 година;
- 200.000.000 денари во 2022 година;
- 330.000.000 денари во 2023 година;
- 200.000.000 денари во 2024 година;
- 300.000.000 денари во 2025 година и
- 330.500.000 денари во 2026 година.

2. Се задолжува НУ Центар за култура „Ињо Антески - Смок“ од Тетово, да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи според доставениот предмер пресметка од сите фази за изведба на театар и библиотека во Тетово, доставен до Министерството за култура со допис бр. 07-326/7 и 07-326/8 од 11.5.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за култура да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 41

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање Приватна установа за деца -детска градинка „Малиот Принц“ - Скопје, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на Приватна установа за деца -детска градинка „Малиот Принц“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за периодот јули - декември 2020 година), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика да ја информира Владата за спроведените активности за времено згрижените лица во Прифатниот центар во Визбегово, во јули 2021 година.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање одобрение за проширување на дејноста на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за проширување на дејноста на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид:

- укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии - со напомена ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола проширената дејност да ја спроведува во рамки на обезбедените средства, како и

- укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за законодавство - да се пристапи кон соодветно дополнување на статутот на јавната установа, на кој согласно член 182 став 4 од Законот за социјална заштита, согласност дава министерот за труд и социјална политика.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање одобрение за проширување на дејноста на ЈУ Детски дом „11 Октомври“ Скопје , со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за проширување на дејноста на Јавната установа Детски дом „11 Октомври“ Скопје, во предложениот текст.

Истовремено потребно е предлагачот да ги има предвид:

- укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии - со напомена ЈУ Детски дом „11 Октомври“ Скопје проширената дејност да ја спроведува во рамки на обезбедените средства,

- укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за законодавство - да се пристапи кон соодветно дополнување на статутот на јавната установа, на кој согласно член 182 став 4 од Законот за социјална заштита, согласност дава министерот за труд и социјална политика.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза” - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 49

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесено од Владата на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

## Точка 50

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

Со статутот на универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што законот упатува да се регулираат со статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со статут на универзитетот.
По однос на текстот на Статутот на Универзитет за туризам и менаџмент Скопје, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе само член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18).

Во членот 31 треба да се додаде одредба според која, доколку настанатиот спор не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат.

Членот 69 да се усогласи во целост со член 100 од Законот за високото образование.

Во членот 78 од Статутот:
- точка 2 треба да се допрецизира, при што да се има предвид одредбата од член 16 став 3 од Законот за високото образование;
- точка 4 треба да изостане, од причина што според Законот за високото образование, изборот и предлогот за разрешување на ректор, односно декан не е во надлежност на органот на основачот;
- точка 8 од овој член треба да се допрецизира, од причина што користените терминолошки изрази во ова одредба се нејасни, двосмислени и не соодветствуваат со стандардните изрази кои се употребуваат во Законот за високото образование;
- точка 9 е во спротивност со член 151 став (4) од Законот за високото образование;
- точка 10 треба да се доуреди или изостане, од причина што постапката за избор на наставниот кадар, како и засновање на работен однос е регулирано со членовите 171, 172, 173, 174, додека суспензија на декан, односно директор на единица на универзитет е во надлежност на ректорот а одлуката на ректорот ја потврдува сенатот;
- точка 14 е во спротивност со член 93 став (7) од Законот за високото образование, и истата треба да изостане;
- точка 16 е во спротивност со член 93 став (8) од Законот за високото образование, согласно кој сенатот на универзитетот донесува годишна и тригодишна програма за развој и работа на универзитетот, според тоа ова одредба треба да изостане.

Во членот 87, ставот (1) соодветно да се уреди согласно член 93 став 19 од Законот за високото образование.

Во Статутот, покрај одредбите кои се однесуваат на Универзитетското студентско собрание треба да се предвидат и одредби кои се однесуваат на Факултетското студентско собрание.

Во членот 119 зборовите: „односно самостојната висока стручна школа" треба да изостанат.

Покрај горенаведеното исто така се укажува и дека секое вградување на одредби во Статутот на високообразовната установа, спротивно на Законот за високото образование, (особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за дополнително уредување со статут) како и спротивно на други позитивни прописи на Република Северна Македонија, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 14 од Уредбата за начинот и постапката на утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација („Службен весник на Република Македонија"

бр.43/2000), поднесена од адвокат Ангела Соколова од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите на подносителот на Иницијативата одредбата од член 14 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2000) е во директна спротивност со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија според кој граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Имено, со спорната одредба од член 14 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација е пропишано дека вредноста на градежното земјиште кое е предмет на денационализација се проценува и надоместува според реонизацијата и зоните на градовите и населените места во Република Северна Македонија, прикажани во графички прилог кој е составен дел на оваа уредба.

Според наводите во Иницијативата вака определените вредности кои важат од 2000 година до ден денес, не можат повеќе да бидат релевантни во определување на вредноста на градежното земјиште со оглед дека од донесувањето на оваа уредба, односно од денот на влегување во сила на ваквата уредба се поминати повеќе од 20 години и како резултат на тоа не соодветствува со новонастанатите состојби и вредности на градежното земјиште во споредба со времето кога таа уредба била донесена.

Ваквата одредба е дискриминаторски поставена во однос на лицата чии што предмети сеуште не се завршени, поради фактот што цената што треба евентуално да им се исплати ќе се пресметува по критериуми и методи определени уште пред 20 години. Во конкретниот случај не може да се прифати по никој основ дека дадените вредности по реони и зони во Република Северна Македонија, кои што се наведени во паричен износ претставуваат извесна просечна вредност на имотите кој би соодветствувале на сегашната состојба на пазарната вредност на имотите.

Притоа подносителот на Иницијативата посочува примери за реалната вредност на експроприран имот во централната зона на Кочани и прави споредба со вредноста на надоместот според уредбата за посочената зона во Кочани.

Како резултат на ова, предлага Уставниот суд да ја укине одредбата од член 14 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација бидејќи е во спротивност со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, а се нарушуваат и темелните вредности содржани во членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија.

Иницијативата е неоснована поради следново:

Со законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија", бр.20/98, 31/00, 42/03, 44/07, 72/10, 171/10, 55/13, 33/15, и 104/15), како „lex specialis", државата како титулар на сопственоста на имотот одземен со присилните прописи ги определила условите и постапката за враќање на имотот и видот, условите и постапката за давање надомест за имот одземен во корист на државата (денационализација).

Притоа со членот 10 од Законот за денационализација е пропишано дека начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот во државна сопственост кој е предмет на денационализација, со пропис ја определува Владата на Република Северна Македонија.

Со Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација се пропишуваат мерилата, критериумите и начинот на утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација. Со членот 14 од цитираната Уредба е пропишано дека вредноста на градежното земјиште кое е предмет на денационализација се проценува и надоместува според реонизацијата и зоните на градовите и населените места во Република Северна Македонија прикажани во графичкиот прилог кој е составен дел на оваа уредба.

Република Северна Македонија како титулар на сопственоста на имотот кој е предмет на денационализација има право со закон да ги пропишува прашањата од сферата која ја уредува, а со подзаконски акти да пропишува критерими и начин на утврдување на вредноста за обештетување на имотот кој е предмет на денационализација.

Оттука неприфатливо е тврдењето во Иницијативата дека граѓаните се ставаат во нерамноправна положба пред Уставот, односно дискриминирани се граѓаните за кои постапките за денационализација сеуште течат, имајќи ја предвид околноста дека цената на градежното земјиште не соодветствува со онаа пропишана пред 20 години, затоа што одредбите од Законот за денационализација и начинот на определување на вредноста на градежното земјиште определен со членот 14 од Уредбата, се однесува на сите поранешни сопственици на одземен имот што е предмет на денационализација, без оглед дали постапката е завршена или сеуште е во тек.

Наспроти тоа, имајќи го предвид фактот дека процесот за денационализација е во завршна фаза, доколку наведената одредба од Уредбата се промени, ќе се доведат во нерамноправна положба барателите за денационализација кои веќе го оствариле правото на денационализација, врз основа на пропишаните критериуми и вредности.
Врз основа на претходно наведеното, одредбата на членот 14 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација е во согласност со член 9 и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Иницијативата да ја отфрли како неоснована.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.317/2020), поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот предлага поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 317/2020 од 31.12.2020 година), бидејќи смета дека се повредени одредбите од членовите 8, 9, 51, 55, 98 и Амандман XXV од Уставот на Република Северна Македонија.

Со Законот се уредува начинот на решавање на спор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба настанати во врска со изградбата на гасоводниот систем, заштита на имотот и имотните права и интереси на Република Северна Македонија и нејзин понатамошен развој, овластување на Владата на Република Северна Македонија да склучи спогодба со Макпетрол АД Скопје со кого е постигната согласност пред Центарот за решавање на спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетската заедница во Виена на 5 октомври 2019 година и составен дел на Законот е текстот на Спогодбата.

Во Спогодбата децидно е наведено дека истата преставува вонсудска спогодба со која се утврдува пропорцијата на вложувањата во АД ГА-МА Скопје во соодност од 50%-50% и се потврдува структурата утврдена во Акционерската книга на АД ГА-МА со ИСИН MKGAMA 101016 во Централниот депозитар за хартии од вредност. Договорните страни се одрекуваат од тужбите и тужбените барања кои се во тек, се одрекуваат од било какви меѓусебни тужби во иднина а во врска со АД ГА-МА Скопје.

Исто така постигната е согласност да се потпише Договор за купопродажба на влогот на Макпетрол АД Скопје во АД ГА-МА Скопје по потпишувањето на Спогодбата, како и да се извести Центарот за решавање на спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетската заедница за потпишувањето на Спогодбата и Договорот за купопродажба, кој бил во улога на медијатор.

Во член 110 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2018) е пропишано дека сопственик на операторот на пренос со природен гас е Министерство за економија и истиот во целост е усогласен со третиот пакет на ЕУ директивите кои се однесуваат на внатрешниот пазар на енергија. Република Северна Македонија е и потписник на Енергетската заедница од нејзиното основање во 2006 година.

Согласно член 68 од Уставот на Република Северна Македонија Собранието донесува закони.

Врз основа на наведените правни акти неспорно е дека Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје се акционери во деловниот субјект ГА-МА АД Скопје, што претставува сериозен проблем, бидејќи со Законот за енергетика е предвидено да се изврши сопственичко раздвојување на Операторот на системот за пренос на природен гас. Тоа значи дека ист субјект ќе нема право во исто време да ја врши дејноста Оператор на системот за пренос на природен гас и дејностите на трговија и/или снабдување со природен гас.

Во Република Северна Македонија, со системот за пренос на природен гас, управува ГА-МА АД Скопје, а сопственици на истата се Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје. Макпетрол АД Скопје поседува и фирма за снабдување со природен гас, што е во спротивност со одредбите од Законот за енергетика кои се однесуваат на сопственичкото раздвојување.

За Република Северна Македонија, од особено значење е да се задржи сопственоста врз преносниот систем со природен гас и токму поради тоа во член 110 од Законот за енергетика е пропишано дека сопственик на операторот на пренос со природен гас е Министерство за економија, а истовремено преку државната компанија МЕР АД Скопје во тек е изградба на магистралниот гасовод низ целата држава и во иднина по изградба на целосната мрежа, за непречено функционирање, потребно е овој гасовод што го гради МЕР АД Скопје, да се спои со системот на природен гас со кој сега управува ГА-МА АД Скопје.

Со цел, Република Северна Македонија, успешно да го заврши процесот на сертификација на операторот на преносниот систем на природен гас, и да се изврши спојување на двете компании МЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје и акциите да се префрлат од Владата на Република Северна Македонија на Министерство за економија, согласно Законот за енергетика, потребно е во најбрз можен рок да се реши спорот со Макпетрол АД Скопје.

Со овој Закон се решава спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје, во целост се окончуваат сите започнати постапки и се отстранува можноста од поведување и водење на нови постапки помеѓу страните на спорот.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорениот Закон за решавање на спорот помеѓу Влада на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/2020) е во согласност со членовите 8, 9, 51, 55, 98 и Амандман XXV од Уставот на Република Северна Македонија поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на наведениот Закон.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 130 став 3 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010), поднесена од адвокат м-р Бобан Богдановски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот во Иницијативата изнесува наводи поврзани со доставата на писмената во кривичната постапка, од причини поради кои смета дека е спорна одредбата од член 130 став 3 од Законот за кривична постапка и како што наведува подносителот на Иницијативата, истата е спротивна на Уставот и основните начела на Законот.

Имено, истиот истакнува дека со одредбата се пропишува обврската за доставување на писмената против кои е дозволен правен лек до обвинетиот и неговиот бранител, дека со одредбата се ограничуваат правата на бранителот кои ги има во кривичната постапка, од причини што според одредбата рокот за изјавување на правен лек започнува да тече од денот на достава на писменото до обвинетиот, а според истата никакво правно дејство нема доставата на писменото до бранителот, како и дека согласно основното начело дека посебната одредба ја дерогира примената на општата одредба, инкорпорирана во уставното начело на владеење на правото одредбата од член 130 став 3 во делот дека рокот за изјавување на правен лек, односно одговор на жалба тече од денот на доставата на обвинетиот е во спротивност со уставното начело за владеење на правото од член 8 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека суштествено битно за прашањето за рокот за изјавување на правен лек е да се утврди дали ваквата општа одредба е во согласност со посебните одредби од глава XXVI со која се пропишани одредби за редовните правни лекови, како и дека член 420 од Законот за кривичната постапка кој го пропишува правото на одговор на жалба, каде спротивната странка има право во рок од 8 дена од приемот на жалбата да поднесе одговор на жалба до судот, при што ако одредбата се спореди со член 130 став 3 од Законот за кривичната постапка се утврдува дека се во колизија, од причина што според одредбата од член 130 став 3 од Законот за кривичната постапка рокот за изјавување на правен лек, односно одговор на жалбата,

тече од денот на доставата на обвинетиот, што значи дека спротивната страна може да достави одговор на жалба во рок од 8 дена од денот на доставата на обвинетиот.

Притоа, подносителот на Иницијативата истакнува дека ваквата одредба е контрадикторна и сама по себе, бидејќи како може спротивната страна да достави одговор на жалба во рок кој тече од доставата на пресудата до обвинетиот, кога во тој рок спротивната страна се уште нема примено жалба по чии што жалбени наводи би можела да се произнесе.

Истиот истакнува дека според член 411 став 2 од Законот за кривичната постапка рокот за изјавување на жалба започнува да тече од денот кога преписот на пресудата му е доставен на обвинетиот, односно на неговиот бранител, што упатува на заклучок дека како правно релевантно дејствие за сметање на рокот се смета и доставувањето на преписот на пресудата до бранителот на обвинетиот, од кога започнува да тече рокот.

Според подносителот на Иницијативата, доколку одредбата го ограничувала течењето на рокот за жалба само од денот на приемот на пресудата од страна на обвинетиот, тогаш одредбата не би продолжила со наведување на доставата на преписот на пресудата до бранителот како релевантен момент за сметање на рокот за жалба, како и согласно став 1 од истиот член кој пропишува дека овластените лица можат да поднесат жалба во рок од 15 дена од приемот на пресудата, без да се наведе дека тоа се однесува на обвинетиот, со што се признава правото на секое овластено лице посебно да изјави жалба, а рокот за изјавување на жалба против пресудата започнува да тече од денот кога овластеното лице ја примило пресудата.

Според одредбата од член 420 од Законот за кривичната постапка рокот за достава на жалба започнува да тече од денот на достава на жалбата до спротивната страна, при што поради тоа не може со општата одредба за достава на писмена да се пропише друг рок за давање на одговор на жалба.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека одредбата од член 130 став 3 од Законот за кривичната постапка е во колизија и со одредбите со кои се пропишуваат правата на бранителот во постапката, каде согласно член 78 од Законот за кривичната постапка бранителот има право да ги преземе сите дејствија што може да ги преземе обвинетиот. Оспорената одредба ги ограничува правата на бранителот, бидејќи бранителот најчесто не е во можност да се запознае со пресудата на денот кога преписот од истата е доставен до обвинетиот, со што практично рокот за изјавување на жалба се намалува.

Во дополнение, подносителот на Иницијативата наведува дека има случаи кога обвинетиот не е во можност да му ја достави пресудата на бранителот од објективни причини (болест и сл.), при што повторно бранителот се става во ситуација да нема можност благовремено да изјави квалитетна жалба со која ќе ги брани правата на обвинетиот во постапката, при што да се има предвид дека обвинетиот е неука странка во постапката и неправедно е за него да тече рокот за преземање на дејствие (изјавување жалба) кое што тој не може самиот лично да го преземе, до денот кога бил во можност да го извести бранителот за пресудата. Со оспорената одредба бранителот има право да поднесе жалба против пресудата, но му се намалува законскиот рок за поднесување на истата со судот.

Со ваквата одредба се ограничува и правото на бранителот кое го има согласно член 411 став 6 од Законот за кривична постапка, според кое бранителот може да изјави жалба и без посебно овластување од обвинетиот, само да не е против неговата волја. Па се поставува прашањето како бранителот би можел да изјави жалба во овој случај, ако бранителот ја примил пресудата и се запознал со содржината на пресудата, после

истекот на рокот за изјавување на жалба, кој започнал да тече од денот на приемот од страна на обвинетиот.

Согласно членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија „Законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.".

Според член 130 од Законот за кривичната постапка ако органот што ја води постапката на обвинетиот не може да му го достави писменото, затоа што не ја пријавил промената на адресата или очигледно на друг начин избегнува да го прими писменото, писменото и пресудата освен во случаите од ставот (2) на овој член ќе се истакне на огласната табла на судот и по истекот на осум дена од денот на истакнувањето се смета дека е извршена уредна достава. Ако на обвинетиот кој нема бранител треба да му се достави пресуда со која му е изречена казна затвор или издаден казнен налог со пресуда, а доставувањето не може да се изврши на неговата пријавена адреса, судот по службена должност ќе му постави бранител, кој ќе ја врши оваа должност додека се дознае новата адреса на обвинетиот.

На поставениот бранител ќе му се определи потребен рок за запознавање со списите, кој не може да биде пократок од осум дена, а потоа пресудата ќе му се достави на поставениот бранител и постапката ќе продолжи. Ако обвинетиот има бранител обвинителниот акт, обвинителниот предлог, приватната тужба и сите одлуки од чие доставување тече рокот за жалба, како и жалбата на спротивната странка која се доставува заради одговор, ќе му се доставаат и на бранителот и на обвинетиот според членот 127 и во случајот рокот за изјавување на правен лек, односно на жалба тече од денот на доставата на обвинетиот. Ако на обвинетиот му е изречена мерката притвор или е на издржување на казна затвор, рокот тече од денот на доставата на бранителот. Ако писменото треба да се достави до бранителот на обвинетиот, а тој има повеќе бранители, доволно е да се достави до еден од нив. Кога на обвинетиот му се суди во отсуство, писмената се доставуваат на неговиот бранител и со тоа се смета дека е извршена уредна достава.

Во членовите 410 и 411 од Законот за кривичната постапка се регулира правото на овластените лица за поднесување на жалба и рокот за поднесување на жалба. Имено, согласно член 410 од Законот за кривичната постапка, против пресудата донесена во прв степен овластените лица може да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на преписот од пресудата. Навремено изјавената жалба од овластеното лице го одлага извршувањето на пресудата.

Според член 411 од Законот за кривичната постапка, жалба можат да изјават странките, бранителот, законскиот застапник на обвинетиот, односно на неговиот бранител му е доставен преписот од пресудата.

Јавниот обвинител може да изјави жалба како на штета така и во корист на обвинетиот. Оштетениот може да ја побива пресудата во однос на одлуката за трошоците на кривичната постапка, а доколку е досудено имотно правно побарување и во тој дел, жалба може да изјави и лицето чиј предмет е одземен или од кое е конфискуван имот или имотна корист прибавена со кривичното дело, како и правното лице на кое му е изречено одземање на имотната корист. Бранителот и лицата од став 2 на овој член можат да изјават жалба и без особено овластување од обвинетиот, но не и против неговата волја.

Се истакнува дека изнесените наводи за наводна неуставност на оспорената одредба се неосновани, од причина што наводите во Иницијативата се однесуваат на

целисходноста на наведената одредба, што претставува исклучива надлежност на законодавецот. Законското решение кое предвидува рокот за изјавување на правен лек, односно на жалба тече од денот на доставата на обвинетиот е така конципирано со цел утврдување на конкретен рок за изјавување на жалба, со оглед дека доколку доставата до бранителот и обвинетиот се изврши во различен ден, а рокот на жалба да тече и од денот на доставата и до бранителот, во тој случај се поставува прашањето кој рок ќе се земе за изјавување на правен лек, со оглед дека се работи за бранител на обвинетиот кој треба да го подготви и достави правниот лек во име на обвинетиот, поради што се неосновани наводите во Иницијативата дека се работи за спротивна страна која се уште нема примено жалба, односно не е во можност да се запознае, со оглед дека обвинетиот и неговиот бранител се во постојан контакт и секојдневно комуницираат за сите прашања поврзани со кривичната постапка. Доколку пак нивниот контакт е ограничен, Законот за кривичната постапка предвидува други решенија. Така, на пример во членот 130, во ставот (3) е пропишано дека „Ако на обвинетиот му е изречена мерката притвор или е на издржување на казна затвор, рокот тече од денот на доставата на бранителот.“.

Со оглед на наведеното, се смета  дека уставната Иницијатива за овој член е ноеснована.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 130 став (3) од Законот за кривична постапка е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 130 став (3) од Законот за кривичната постапка.

<u>**Точка 54**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 12 став 6 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/2020), поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 12 став 6 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи, предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста и да донесе одлука за поништување на членот 12 став 6 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи.

Со Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/2020), се пропишува распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено-поправните установи.

Во членот 12 став 6 од Правилникот е регулирано дека регресирано осудено лице во установа од затворен вид за сторена дисциплинска повреда бегство, злоупотреба на погодност-невраќање од користење на погодност надвор од установата и ненавремено враќање од прекин на казната, може да се размести во полиберална група, согласно член 10 став 2 од овој правилник и има издржано 3/4 од неиздржаниот дел од казната.

Во член 10 од Правилникот е наведено дека:
„Кога се разместува осуденото лице се врши промена на третманската група од построга во полиберална и обратно.

Осуденото лице за да биде разместено во полиберална група треба:
- да има издржано дел од казната затвор;
- да не му е изречена дисциплинска казна во последниот месец за полесна повреда на редот и дисциплината и без дисциплинска казна за потешки повреди на редот и дисциплината во установа од полуотворен и отворен вид, а во установи од затворен вид без дисциплинска казна за полесни повреди на редот и дисциплината во последните три месеци и без дисциплинска казна за потешки повреди на редот и дисциплината во последните шест месеци;
- да има проценка на резултати од реализација на индивидуалната програма за третман и
- против него да не се води друга постапка или да не му е изречена друга казна затвор.“.

Во член 222 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19 и 220/19) е регулирано регресирањето на осуденото лице и тоа:
„(1) Ако осуденото лице со своето однесување не ги исполнува целите предвидени во програмата за третман, може да биде вратено од установата со полиберален вид во установа од построг вид, односно во соодветно одделение на истата установа.
(2) За регресирање на осуденото лице од установа со полиберален во установа од построг вид, по предлог на директорот на установата одлучува со решение директорот на Управата.
(3) За регресирање на осуденото лице од полуотворено, односно отворено во затворено одделение на иста установа одлучува директорот на установата, со решение.
(4) Решенијата од ставовите (2) и (3) на овој член се конечни.
(5)Примерок од решението од ставот (2) на овој член, Управата му доставува на судијата за извршување на санкциите.“.

Со членот 222 од Законот за извршување на санкциите се регулира постапката за регресирање на осуденето лице, но подетално се дорегулира во Правилникот за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установа од определен вид или во соодветно одделение на установа од општ вид донесен од страна на директорот на Управата за извршување број 01-229/1 од 11.2.2020 година.

Во Правилникот за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установа од определен вид или во соодветно одделение на установа од општ вид е регулирано хоризонтално и вертикално регресирање на осуденото лице.

Хоризонталното регресирање се регулира со член 15 од Правилникот каде е предвидено дека осудено лице може да регресира од установа од полиберален вид во установа од построг вид ако не се постигнати целите од индивидуалната програма за третман во рамките на установата.

Вертикалното регресирање се регулира со член 16 од Правилникот каде се предвидува дека осудено лице може да регресира од одделение од полиберален вид во одделение од построг вид во рамките на истата установа ако:

- сторил потешка дисциплинска повреда со што го нарушил редот и дисциплината на установата;

- не се постигнати целите од индивидуалната програма за третман во рамките на одделението.

Со оглед на горенаведеното може да се заклучи дека воопшто не станува збор дека не била предвидена можност да се дорегулира прашањето за прогресирање и регресирање на осудените лица туку напротив разработено е во акт кој како што погоре се наведува е донесен од страна на директорот на Управата за извршување на санкциите. Во член 29 став 2 алинеја 4 од Законот за извршување на санкциите предвидено е дека директорот на Управата за извршување на санкциите донесува правилници, решенија, наредби, упатства, планови, програми и други видови на акти од обласга на извршувањето на санкциите.
Подносителот на Иницијативата наведува дека согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работата на органите на државната управа

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) дека министерот е овластен согласно закон да донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови на акти за извршување на законите и другите прописи. Понатаму, се потенцира дека со членот 61 став 1 од истиот закон не може со правилникот министерот да одлучува за права и обврски на граѓаните и другите правни правни лица како што сторил со оспорената одредба, каде се предвидува обврска осудените лица кои сториле дисциплинска повреда (бегство, злоупотреба на погодност-неврaќање од користење на погодност надвор од установата и ненавремено враќање на прекин на казна) да мораат да издржат 3/4 од неиздржаниот дел од казната како би можеле да прогресираат во полиберална група.

Во целост се отфлаат овие наводи од причина што со Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи не се регулираат права и обрски на осудените лица.

Правата и обврските на осудените лица се регулирани со Законот за извршување на санкциите, поконкретно во глава XI - Правата на осудените лица.

Во член 155 од Законот за извршување на санкциите се наведени правата на осудените лица и тоа:
- право на сместување,
- право на облека и постелнина,
- право на лична хигиена,
- право на исхрана,
- право на третман,
- право на одмор,
- право на пензиско осигурување,
- право на здравствена заштита,
- право на информирање,
- право на задоволување на верски потреби,
- право на контактирање со надворешниот свет (допишување, телефонирање, посети),
- право на примање на пратки,
- право на склучување на брак,
- право на правна помош и
- право на ажурирање на лична карта.

Во глава XV од Законот за извршување на санкциите - Одржување на редот и дисциплината се наведени должностите, дисциплинската и материјалната одговорност на осудените лица.

Значи, не станува збор дека со Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи се регулираат правата и обрските на осудените лица.

Со Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи се пропишува распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено - поправните установи. Во член 2 од Правилникот се дадени дефиниции за распоредување, класификација и разместување на осудените лица. Распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено - поправните установи се врши со цел да може да се реализира третманот на осудените лица што е всушност нивно право (право на третман).

Во оспорениот член 12 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи е наведено дека регресирано осудено лице во установа од затворен вид за сторена дисциплинска повреда бегство, злоупотреба на погодност-невраќање од користење на погодност надвор од установата и ненавремено враќање од прекин на казната, може да се размести во полиберална група, согласно член 10 став 2 од овој правилник и има издржано 3/4 од неиздржаниот дел од казната.

Значи не станува збор дека со одредбата му се одзема некое право туку напротив дека доколку лицето сторило дисциплинска повреда бегство или злоупотреба на погодност-невраќање од користење на погодност надвор од установата и ненавремено враќање од прекин на казната може да биде разместено во полиберална група, согласно член 10 став 2 од овој правилник и да има издржано 3/4 од неиздржаниот дел од казната, туку станува збор за можност што не значи дека во секој случај и секое осудено лице може да биде разместено во полиберална група.

При распоредувањето, класификацијата и разместувањето се земаат сите околности и тоа го прави стручен тим во секоја установа кој ги има во вид сите факти и околности за едно осудено лице, а се во насока за остварување на правото на третман на осуденото лице од една страна при тоа водејќи сметка за одржување на редот и дисциплината на установата од друга страна.

Понатаму, подносителот на Иницијативата наведува дека осудените лица кои извршиле бегства, обид за бегства, ненавремено враќање од прекин на казната пред стапување на овој правилник, односно во 2019 година, 2018 година и 2016 година кога за дисциплинската повреда им била изречена дисциплинска казна во моментот истите биле оневозможени да користат погодности надвор од установата, поради постоење на услов истите да издржат ¾ од неиздржаниот дел од казната како би можеле да прогресираат во полиберално одделение и да имаат можност да ја користат оваа погодност.

Прво, погодноста не е право на осудените лица. Погодноста е можност на осудените лица и е регулирана во член 217 од Законот за извршување на санкциите каде е наведено дека:
(1) За доброто поведение и залагање во работата, како и за поттикнување на добро однесување и за развивање на чувството за одговорност и за интерес и соработка во третманот што се спроведува во установата, на осудените лица можат да им се дадат одделни погодности. Погодностите претставуваат збир на мерки за поттикнување на довербата на осуденото лице, ублажување на затворската дисциплина и негативните влијанија на затворањето, одржување на односите со семејството и надворешниот свет, поттикнување на учеството на осуденото лице во остварувањето на процесот на

ресоцијализацијата, јакнење на одговорноста и самодовербата заради негово оспособување за живот во согласност со правниот поредок и исполнување на граѓанските обврски.
(2) Видот и обемот на погодностите зависи од степенот на обезбедување и ограничување на слободата на движење на осуденото лице во установата, неговото поведение и постигнатите резултати во спроведувањето на индивидуалната програма за извршување на казната затвор.
(3) Трошоците настанати во врска со користењето на погодностите од ставот (2) на овој член паѓаат на товар на осуденото лице.

Понатаму, во Законот за извршување на санкциите се наведени видовите на погодности што едно осудено лице може да ги користи. Значи, погодностите надвор од установата не се единствените погодности кои осудените лица можат да ги користат. За погодноста која едно осудено лице може да ја користи одлучува директорот на установата по претходно мислење на Комисијата за погодности врз основа на процена на успешноста на програмата за ресоцијализација.

Истовремено, се истакнува дека за видот и начинот за користење на погодности постои Правилник според кој Комисијата одлучува за видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица - Правилник за составот на Комисијата за користење на погодности, видот и начинот на користење на погодности на осудени лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 168/20).

Второ, подносителот на Иницијативата наведува дека на одредена категорија на осудени лица им е ускратена можноста за користење на оваа погодност, значи ја препознава погодноста како можност на осуденото лице, за да потоа наведе дека со ова му е повредено правото на осуденото лице или пак како што е потенцирано понатаму во Иницијативата, спорната одредба водела кон двојно казнување на осудено лице за иста дисциплинска повреда. Владата на Република Северна Македонија ги отфрла во целост од причина што за сторена дисциплинска повреда на осудените лица во постапка определена со Законот за извршување на санкциите и Правилникот за начинот на постапување на дисциплинската комисија при водење на дисциплинска постапка против осудено лице донесен од страна на директорот на управата за извршување на санкциите бр. 01-1027/1 од 16.6.2020 година, му се изрекува дисциплинска казна на осуденото лице и не постои двојно казнување.

Се потенцира дека при донесување на новиот Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи и при редефинирање на условите за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во вид беа земени новите околности во казнено поправните установи пред се фактот што се повеќе осудени лица се со поголеми казни, фактот што установите се соочуваат со зголемен број на лица осудени за кривични дела тероризам, учество во терористичка организација, учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста и други тешки кривични дела поради што безбедноста на установите беше еден од клучните фактори за редефинирање на одредбите од стариот Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр.173/11) и донесување на нов Правилник.

Меѓутоа, наспроти намерата да се гарантира безбедноста на установите, секогаш се води сметка тоа да не биде на штета на осудените лица, а најмалку да им се повреди некое нивно со Закон загарантирано право.

Со оспорениот член 12 алинеја 6 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи не се крши уставното начело на еднаквост на граѓаните. Со овој правилник ниту се регулираат ниту се оспоруваат слободите, правата и должностите на осудените лица.

Погодностите не се право на осуденото лице туку како што веќе е потенцирано тоа е збир на мерки за поттикнување на довербата на осуденото лице, ублажување на затворската дисциплина и негативните влијанија на затворањето, одржување на односите со семејството и надворешниот свет, поттикнување на учеството на осуденото лице во остварувањето на процесот на ресоцијализацијата, јакнење на одговорноста и самодовербата заради негово оспособување за живот во согласност со правниот поредок и исполнување на граѓанските обврски.

Врз основа на изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 12 став 6 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/20), поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје.

## Точка 55

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија” бр.72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 14/20), поднесена од Адвокатско друштво Бранко Кузманоски и партнери од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека со членот 19 став (2) од Законот за извршување се повредуваат одредби од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за облигационите односи и Законот за парничната постапка.

Подносителот на Иницијативата наведува дека со оспорената одредба се повредувала темелната вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија за владеење на правото.

Подносителот на Иницијативата наведува дека со оспорената одредба се ограничува слободата на договарање помеѓу субјектите во правниот промет која ја предвидува Законот за облигационите односи.Со оспорената одредба се ограничувало правото на странките во однос на работите кои можат да ги преземат преку својот полномошник односно е во спротивност со член 294 став (1) од Законот за облигационите односи, со која е предвидено дека исполнувањето мора да биде извршено на доверителот или на лицето определено од страна на самиот доверител. Кога доверителот му дал полномошно на адвокат со кое полномошно определил надоместоците од извршната исправа да се исплатат на сметката на неговиот полномошник извршувањето требало да се спроведе, но со оспорената одредба и со нејзиното субјективно, а погрешно толкување, тоа се оневозможувало.

Подносителот наведува дека оспорената одредба била во директна спротивност на повеќе одредби од Законот за парничната постапка со кои се уредува обемот и содржината на полномошното односно со оспорената одредба се оневозможувало доверителите нивното побарување во нивно име и за нивна сметка да го наплати нивниот полномошник-адвокат.

Подносителот на Иницијативата наведува дека со оспорената одредба се повредувале член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, член 3, член 81 став 1, член 83, член 294 став 1 и член 805 став 1 од Законот за облигационите односи, член 83 став 1, член 85, член 86 став 1 и член 87 од Законот за парничната постапка.

Ваквите наводи на подносителот на Иницијативата, се неосновани од следните причини:

Со член 19 од Законот за извршување, кој се однесува на премин на побарување или обврска, со ставот (1) од овој член се уредува дека извршувањето се спроведува и по барање од лице кое во извршната исправа не е означено како доверител, ако тоа со нотарски акт, солемнизирана приватна исправа или друга јавна исправа докаже дека побарувањето е пренесено или на друг начин преминало врз него, а во случај тоа да не е можно преносот на побарувањето се докажува со правосилна одлука донесена во парнична постапка.

Според став (2) од истиот член која е оспорена одредба, како јавна исправа не се смета адвокатско полномошно или полномошно заверено кај нотар со кое се определува побарувањето на доверителот да се исплати на друго лице.

Имено оваа одредба воопшто не допира во правата на доверителот да овласти адвокат во извршната постапка, кој ќе ги застапува неговите права пред извршител кога се спроведува извршување на извршна исправа во која тој е означен како доверител.

Но она што го бара подносителот на иницијативата е адвокатот врз основа на издадено адвокатско полномошно да има овластување да одлучува на кого ќе му се пренесе побарувањето од извршната исправа односно кој ќе се јави како доверител иако извршната исправа не гласи на негово име.

Во ваков случај адвокатот врз основа на полномошно по барање од доверителот или во зависност од овластувањето по барање на адвокатот, ќе го пренесува побарувањето на трето лице како доверител, со што ќе постои целосна правна несигурност во правниот промет и напротив тоа е спротивно на темелната вредност на уставниот поредок во Република Северна Македонија, односно владеењето на правото.
Оваа одредба прецизира што претставува јавна исправа како доказ дека е пренесено побарувањето на друг доверител, а што не се смета за јавна исправа во случај на пренос на побарувањето од извршната исправа.

Воедно законодавецот уредил дека преносот на побарувањето се врши со нотарски акт, солемнизирана приватна исправа или друга јавна исправа, а во случај тоа да не е можно преносот на побарувањето се докажува со правосилна одлука донесена во парнична постапка, што само укажува на сериозноста на ова правно дејствие односно пренос на побарување на друг доверител, за што на пример нотарот при изготвување на нотарски акт или солемнизација на приватна исправа, ќе го утврди идентитетот на учесниците во постапката пред нотар за преносот или отстапувањето на побарувањето, правниот основ за ваквата правна работа и како таква покрај извршната исправа која гласи на друг доверител, со договорот за отстапување на побарувањето се докажува и правниот основ за пренос на побарувањето на друг доверител.

Воедно со оспорената одредба се оневозможува доверителот во една извршна постапка, кој пак се јавува како должник во друга извршна постапка да го осуети извршувањето против него односно паричните средства од спроведеното извршување во постапката каде што се јавува како доверител да се пренесат на трансакциска сметка на друго лице, како на пример адвокатот како негов полномошник, а не на неговата сметка, со

што доверителот во другата постапка не може да си го наплати своето побарување од сега должникот, што во пракса е чест случај.

Оспорената одредба не е во спротивност со одредбите од Законот за облигационите односи од причина што Законот за облигационите односи уредува договорни односи, а со Законот за извршување се регулираат односите во случај на присилно извршување на долг кога должникот нема да постапи и доброволно нема да ја исполни обврската, дали од договорен однос или некој друг правен однос, кој се докажува со извршна исправа. Одредбите за полномошно во Законот за облигационите односи се однесуваат на тоа кој може да биде полномошник во договорните односи односно во облигационите односи и не се пропишува обврска дека полномошникот во таа постапка без договор во соодветна форма, да може да го пренесе побарувањето на друг.

Истото се однесува и на Законот за парничната постапка со кој се уредува кој може да биде полномошник во парнична постапка и кои се правата и оврските на адвокатите како полномошници во таа постапка. Со овие одредби не се уредува дека на адвокатот со адвокатско полномошно може да му биде пренесено побарувањето на доверителот или пак адвокатот да располага со тоа побарување во име и за сметка на неговиот властодавец.

Од горенаведеното, укинувањето на одредбата од член 19 став (2) од Законот за извршување, наспроти тврдењата на подносителот на Иницијативата, ќе доведе до зголемување на правната несигурност и ќе го доведе во прашање и примената на начелото на владеење на правото како една од темелните вредности пропишани со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорената одредба од членот 19 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 14/20), е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и член 3, член 81 став 1, член 83, член 294 став 1 и член 805 став 1 од Законот за облигационите односи и член 83 став 1, член 85, член 86 став 1 и член 87 од Законот за парничната постапка, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 19 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 14/20).

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55294 за КО Центар 2, на КП бр.2692, место/улица С.Арсов и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Камчев од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8355 за КО Радовиш на КП бр.3075 во место викано /Улица 4-ти Јули и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2626 за КО Бутел на КП бр.2370 викано место/улица Бутелска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје за Заклучок за прва усна јавна продажба, која ќе се одржи на 24 март 2021 година, доставен под И.бр.351/17 и Заклучок за утврдување на лица со право на првенство на купување и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 60**

Владата го разгледа Пратеничкото прашање од пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија Марија Петрушевска, поставено меѓу две седници на Собранието, на 9 март 2021 година, го утврди одговорот подготвен од Комисијата за именување на Владата, заклучи истиот да се дополни во насока дека во тек е постапка за именување на вршител на должност директор преку Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 61**

**1.** Владата за претседател и членови на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, ги именува:

а) за претседател:
- Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација

б) за членови:
- Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политичките прашања на ресорите,
- Мила Царовска, министер за образование и наука,
- Бојан Маричиќ, министер за правда,
- Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и

претставници од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,
во својство на набљудувачи:
- Елизабета Божиновска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и
- Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово.

**2.** Владата го разреши Азис Ибраими од должноста претседател на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

2.1. Владата го именува Никола Јакимовски за претседател на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

**3.** Владата за претседател и членови на Националниот совет за ревитализација на Старата Скопска Чаршија, ги именува:

а) за претседател:
- Јани Антониев, советник конзерватор, претставник на Министерството за култура

б) за членови:
- Неџми Ферати, секретар на Муфтиство на Исламска верска заедница Скопје, претставник на предлог на Исламската верска заедница на Република Северна Македонија Скопје,
- Презвитер Бобан Митевски, шеф на кабинетот на Архиепископот, претставник на предлог на Македонската Православна Црква,
- Џавит Гаши, претставник на предлог на Општината Чаир,
- Јетон Невзади, претставник на предлог на Општината Чаир,
- Наташа Тодоровска Пренк, дипломиран инженер архитект, советник за урбанистичко планирање, претставник од Општината Центар на предлог на Општината Центар,
- Бејтула Морина, претставник на Здружението ЕСНАФ на Старата Скопска Чаршија-Скопје (Здружение на занаетчии-Чаир),
- Тања Мишковска, диа, конзерватор, претставник од Националната установа Национален Конзерваторски центар-Скопје,
- Константин Димитровски, диа, советник конзерватор, претставник од Националната установа Конзерваторски центар-Скопје,
- Дејан Лазаровски, претставник од Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје,
- м-р Билјана Јовановска, овластен раководител на Сектор за индентификација, заштита и користење на културното наследство, претставник на Управата за заштита на културносто наследство и
- Марко Тодоров, раководител на Сектор за локален економски развој, претставник на Градот Скопје.

**4.** Владата го разреши Даниел Јосифовски од должноста заменик член на Посебната комисија за утврдување на условот -владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија.

**5.** Владата ја разреши Емануела Јанковиќ од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, од редот на корисниците, предложен од Советот на корисници, на нејзино барање.

**6.** Владата на Мурат Рамадани, разрешен од должноста директор на КПУ Затвор Тетово му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 16.2.2021 година до 16.2.2022 година.

**7.** Владата го разреши Ридван Зекири од должноста член на Советот за образование на возрасните, претставник од Центарот за стручно образование и обука, на негово барање.

7.1. Владата го именува Али Шахини за член на Советот за образование на возрасните, претставник од Центарот за стручно образование и обука.

**8.** Владата ја разреши Ирена Стојаноска од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, од редот на корисниците, предложен од Советот на корисници, на нејзино барање.

8.1. Владата го именува Раско Димоски за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод, од редот на корисниците, предложен од Советот на корисници.

**9.** Владата го именува Рамадан Рамадани, за директор на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Истанбул, Република Турција, на предлог на министерот за култура, досегашен директор на Центарот.

**10.** Владата го именува Милан Живковиќ, советник за труд и социјална политика во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во Тутунски комбинат АД Прилеп.

**11.** Владата за членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, ги именува:

-Ана Снегар Стојкоска, член на предлог на градоначалникот на Општина Охрид и
- Натмир Неџипи, член на предлог на градоначалникот на Општина Струга.

**12.** Владата се информира со Извештајот на Комисијата за разгледување на пријавите доставени од кандидати по огласот за именување на два члена на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, формирана со Решение бр.14-3348/1 од 9.3.2021 година.

**13.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас на веб страницата на Владата, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, шест месеци пред истекот на мандатот на претседателот и член на Инспекцискиот совет за именување на претседател и член на Инспекцискиот совет од областа на земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна.

**14.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен повик за избор на три члена на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство, од редот на здруженија кои имаат најмалку пет години работно искуство во областа на насилството врз жените и семејното насилство.

**15.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација.

**16.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да објави Јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор и заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост.

**17.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие да го избере Зоран Исајловски.

**18.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица'' -Кичево, за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие да го избере Слободан Аврамоски.

**19.** Владата ги задолжи членовите на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во рок од пет дена до Генералниот секретаријат на Владата да достават писмена номинација за двајца административни службеници од нивните институции, кои ќе учествуваат во работата на оперативната група за проценка на квалитетот на предлог-проектите од огласот за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите.

**20.** Владата ги одложи од разгледување предлозите за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈП Стрежево-Битола.

## <u>Точка 62</u>

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за периодот од 13 март 2021 до 19 март 2021 година

**2.** Владата го разгледа и прифати Известувањето доставено од Министерството за финансии и заклучи да се избрише Заклучокот под реден број 3 од точка 5, донесен по Информацијата за 107 вработувања на неопределено време од група на даватели на јавни услуги во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија -Скопје, од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2021 година.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за организирање серија активности од јавен интерес по повод 30 годишнината од независноста на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1) Владата ќе спроведе серија активности по повод 30 годишнината од независноста на Република Северна Македонија.

2) Се задолжува Секторот за односи со јавност и Националниот координатор за стратегиски комуникации и за спроведување на комуникациската стратегија на Владата, Марјан Забрчанец, да ги организираат подготовките и да ја координираат реализацијата на активностите со кои ќе се одбележи 30 годишнината од независноста на Република Северна Македонија.

**4.** Владата по Известувањето за измена на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување-Дом за престој и нега на стари лица КО Тработивиште, Општина Делчево, заклучи Генералниот

секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви исправка на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А3-групно домување-Дом за престој и нега на стари лица КО Тработивиште, Општина Делчево, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.41/21 од 18 февруари 2021 година и да ја достави до ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.

**5.** Владата по Барањето доставено од Агенцијата за разузнавање заклучи Заклучокот бр.11 од Точка 1, од Нацрт -записникот од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2021 година, кој се однесува на исклучокот од забраната и посебниот режим на движење на граѓаните на целата територија на Република Северна Македонија, да се дополни и со вработените од Агенцијата за разузнавање.

**6.** Владата го разгледа и прифати Барањето за изменување на Заклучокот под број 1 од Точка 14, од Нацрт -записникот од Триесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јануари 2021 година и заклучи истиот да гласи:

„1. Го усвои новиот текст на Стратегијата за безбедност на храната во Република Северна Македонија, за период 2021 -2025 година.".

**<u>Точка 63</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 октомври до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 64</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот октомври-декември 2020 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 65</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија во периодот октомври - декември 2020 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 66</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2020 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 67</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот координативен центар за гранично управување за 2020 година, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за внатрешни работи, како и Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 68**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2020 година и на надлежните органи за надзор на пазарот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Агенцијата за лекови и медицински средства.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јануари 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за февруари 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки во врска со учеството во НАТО операцијата со хируршки тим на Република Северна Македонија во состав на норвешката ROLE 2 полска болница во Кабул, ИР Авганистан, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план за 2021 година на Акционерско друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнителни материјали, поради потребата да се усогласи со Министерството за финансии (во однос на отстранување на непродуктивните трошоци), како и да се дополни со образложение кон истиот, доколку има потреба одредени материјални трошоци да останат.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за март 2021 година и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 26.3.2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со мартовските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 29.3.2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 29.3.2021 година (понеделник );

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 30.3.2021 година (вторник);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 31.3.2021 година (среда) и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 1.4.2021 година (четврток).

**Точка 74**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја разгледа и ја усвои Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори за усогласување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за развој на интерконекцијата за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, со усогласен текст на Договор и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за извршени преговори за усогласување на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за развој на интерконекцијата за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за развој на интерконекцијата за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија.

3. Се определува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за развој на интерконекцијата за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија.

**Точка 77**

Владата го разгледа Барањето за превоз на персонални компјутери, го усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да постапи по Барањето, односно да обезбеди превоз на персоналните компјутери за потребите на Државниот завод за статистика, без надоместок.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**